ЕФЕКТИТЕ ОД КРИЗАТА СО КОВИД-19 ВРЗ АКТИВНОСТА И КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Вклученоста на граѓанските организации во активности поврзани со **креирање предлог-мерки и политики** забележала **пад** во текот на здравствената криза поврзана со ковид-19 во 2020 година, споредено со периодот пред кризата. Во 2018-2019 година, 76% од граѓанските организации биле вклучени во вакви активности, додека за време на кризната 2020 година, овој процент изнесувал 55%.



2018 – 2019 година



За време на ковид-19 кризата



Само **20%** од граѓанските организации добиле покана да учествуваат во **презентирање на своите предлози директно пред институциите.** Во 2018-2019 година овој процент бил три пати поголем и изнесувал 62%.

53% од организациите сами иницирале средби со државните институции за презентирање на своите предлог-мерки за време на кризата, што е за 23 процентни поени помалку отколку во периодот 2018-2019 година.



Ваквите податоци укажуваат на голема разлика во пристапот и на државните институции и на граѓанскиот сектор и сериозно намалено учество на граѓанските организации во креирањето на политиките и на мерките за справување со кризата.

ЕФЕКТИТЕ ОД КРИЗАТА СО КОВИД-19 ВРЗ АКТИВНОСТА И КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Покрај намаленото учество на граѓанските организации во креирањето на политиките, здравствената криза имала сериозно влијание и врз материјалното и финансиското работење на граѓанските организации:

44% од организациите изјавуваат дека **финансирањето нивен проект било одложено поради кризата со ковид-19.**

- Дополнително, **23% од организациите изјавиле дека финансирањето нивен проект било прекинато** за време на кризата со ковид-19.

28% изјавиле дека кризата довела до **намалување на бројот на вработени** во нивната организација.

30% изјавиле дека поради кризата, биле **намалени платите** во нивната организација.

34% од организациите **немаат доволно техничка и дигитална опрема** за да можат да работат од дома и да ги почитуваат и мерките за заштита на своите вработени од ковид-19.

Географски гледано, **граѓанските организации** што се лоцирани надвор од Скопје се соочуваат со поголеми предизвици во споредба со тие од Скопје.

Вашата организација има опрема за работа од дома

- 72% Скопје
- 60% Други региони

Здравствената криза влијаеше на намалување на платите во вашата организација

- 25% Скопје
- 36% Други региони

Здравствената криза доведе до намалување на бројот на вработените

- 23% Скопје
- 34% Други региони

АНКЕТАТА БЕШЕ СПРОВЕДЕНА НА ПРИМЕРОК ОД 113 ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ФОНДАЦИИ. ПОДАТОЦИТЕ СЕ ДЕЛ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО „ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ДОПОЛНИТЕЛЕН ОСВРТ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД – 19“.

*ОВАА ВИЗУАЛИЗАЦИЈА Е ИЗРАБОТЕНА СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. СОДРЖИНАТА НА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈАТА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ФОНДАЦИЈАТА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА, ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ – ЕВРОТИНК, РЕАКТОР - ИСТРАЖУВАЊЕ ВО АКЦИЈА И ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK eurothink.mk